

**Саво Костадиновски**

Оваа песна кажува едно -
дека македонското име нема да загине!

Затоа оваа песна
во народот македонски
високо се извишила -
над сите други песни.

Затоа оваа песна е
и дом на македонските песни
со потпора на истрајност
вечно да се пеат -
песна која минува
со сонце низ нашиот живот -
песна која нашите херои
и во смртта ја пеат -
песна со идно време
и со силен глас
кој ја извишува
повисоко да е
и од самата себеси.

Затоа, песно, не се предавај
и не згаснувај под плаштот
на кое било време и невреме
и продолжи со истрајот

од тебе да се одѕива
славниот слободарски дух.

Остани така
вечно млада -
спотнувај го огнот на твојот живот
со гласот
на љубовта за татковината
и само така, песно
нема да ја изгубиш твојата душа
и само така, песно
народот ќе ти должи
уште посилен глас
од гласот што го имаш
и само така, песно
лесно ќе ги истрпиш
сите наметнати неправди
и пак спокојно
и погласно ќе запееш, песно
и ќе јавиш секому и сегде:
македонско име нема да загине!

**Der makedonische Name wird nie vergehen**

Dieses Lied sagt das eine -
dass der makedonische Name nie vergehen wird!

Darum hat dieses Lied
sich im makedonischen Volk
hoch erhoben
über alle anderen Lieder.

Darum ist dieses Lied
auch das Heim der makedonischen Lieder
mit Hilfe der Beharrlichkeit
wird es ewig gesungen -
ein Lied das wandert
mit der Sonne durch unser Leben -
das Lied das unsere Heroen
noch im Tode sangen -
das Lied mit Zukunft
und mit starker Stimme
die es so hoch erhebt
dass es über sich selber
hinaus wächst.

Darum, du Lied, ergib dich nicht
und ersticke nicht unter dem Umhang
von irgendeiner Zeit oder Unzeit
sondern setze deine Beharrlichkeit fort
damit von dir ausgehe
der legendäre freiheitliche Geist.

Bleibe so
ewig jung -
entfache das Feuer deines Lebens
mit der Stimme
der Liebe zum Vaterland
denn nur so, du Lied,
wird sich nie deine Seele verlieren,
und nur so, du Lied, wird das Volk
dir eine noch stärkere Stimme schulden
als die Stimme, die du hast
und nur so, du Lied
wirst du leicht aushalten
jedes zugefügte Unrecht
und wirst wieder ruhig
und kräftiger singen, du Lied
und jedem und überall verkünden:
der makedonische Name wird nie vergehen!